ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
бр. 02-186/2
19.02. 2021 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 и член 29 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), Управниот одбор на Јавното претпријатие,,Стрежево''-Битола на седница на ден 19.02.2021година донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

## за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие,,Стрежево''- Битола бр.02 - 457/2 од 20.07.2015година

Член 1

Во член 8 ставот 2 се менува и истиот ќе гласи " Во случај на отсутност или спреченост директоророт го заменува заменик директорот на претпријатието."

Член 2

Членот 10 се менува и истиот ќе гласи:

Во Претпријатието се организираат следните сектори

(1) Администрација

Сектор за општи и правни работи и човечки ресурси
Сектор за финансиско работење
Сектор за комерцијално работење

(2) Даватели на јавни услуги

Сектор зафаќање, акумулирање, заштита и мониторинг на води
Сектор за управување и регулација на хидросистем
Сектор детална цевководна мрежа
Сектор за производство и продажба на електрична енергија , електроника и автоматика.
Сектор машинство и експлоатација на возила
Сектор за експлоатација и контрола на системот

Организационите единици во секторите се определуваат со Правилникот за внатрешна организација и систематизација во Претпријатието.

Член 3

Член 22 став 1 точка 3 се менува и гласи "Го избира и разрешува директорот и заменик на директорот на јавното претпријатие основано од Владата на Република Северна Македонија, врз основа на распишан јавен конкурс согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија ".

Член 4

Во член 30 став 1 по зборот "директор" се додаваат зборовите "и заменик на директор".

Во став 2 по зборот "директор" се додаваат зборовите "и заменик на директор".

Во став 3 се додава " Јавното претпријатие кое има заменик на директор на кој не му е истечен мандатот, до именувањето на директор по распишанконкурс,но не подолго од шест месеци, ја врши должноста директор.

"

Член 5

Во член 32 став 1 по зборот "директор" се додаваат зборовите "и заменик на директор".

Член 6

Оваа Статутарна одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Јавното претпријатие, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Битола,
19.02.2021година

Претседател на Управен одбор на
,,Стрежево"- Битола
Раде Христовски